# Правила на
# Schweppes Mixology Session
# 2025

## ДОДАТОК НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАТПРЕВАРОТ SCHWEPPES MIXOLOGY

Поради технички проблеми на официјалната веб-страница на натпреварот, кои доведоа до привремена неможност за пристап и пријавување од страна на одредени кандидати во периодот предвиден за пријави, а со цел зачувување на правичноста и еднаквоста меѓу сите потенцијални учесници, донесена е одлука за продолжување на рокот за пријавување.

**Продолжен рокот за пријавување:**

- **Република Северна Македонија** – Рокот за пријавување е продолжен до **28 март 2025 година во 23:59 часот.**

Продолжениот рок за пријавување е воведен со цел да се обезбедат сите потребни услови за пријавување на учесници од територијата на горенаведените земји, со цел да се обезбеди фер и транспарентен процес на селекција.

**Напомена:**

- Пријавите што ќе бидат поднесени **по истекот на продолжениот рок** (по 28 март 2025година за Република Србија) **нема да бидат земени предвид**.

- Исто така, **некомплетните пријави** кои не ги исполнуваат сите барања од доле наведениот Правилник или не се доставени во целост, **нема да бидат прифатени**.

Кандидатите кои веќе се пријавиле во првичниот рок, како и оние кои ќе се пријават во продолжениот рок, ќе бидат подеднакво третирани во сите понатамошни фази од натпреварот.

Овој додаток на Правилникот стапува во сила веднаш.

Classified - Confidential

**SCHWEPPES Mixology Session – Натпревар за бармени за подготовка на коктели со Schweppes**

## Право на учество на натпреварот Schweppes Mixology Session 2025

Натпреварот е отворен за сите полнолетни активни бармени од Република Северна Македонија. Истовремено, ист вид натпревар се организира и во Република Србија и Република Црна Гора. Избраните кандидати од сите држави ќе се натпреваруваат на финалниот настан во Белград, Република Србија.

На натпреварот не можат да учествуваат лица што се непосредно вклучени во подготовката и реализацијата на натпреварот, како и вработени кај Организаторот, Продуцентот и Техничкиот изведувач. Член на жирито на натпреварот не може да биде правно лице. На натпреварот не можат да учествуваат ниту вработени кај Организаторот, Продуцентот и Техничкиот изведувач во другите држави каде што се спроведува натпреварот.

## Општи правила

Тема на коктелот на натпреварот е Long drink со homemade cordial.

Коктелот за натпреварот задолжително мора да содржи:

1. Еден од вкусовите на Schweppes: (Bitter Lemon, Tonic Water, Tangerine, Bitter Lemon Zero, Tonic Water Zero)
2. Homemade cordial по избор на натпреварувачот

Минималното неопходно количество на базен алкохол е 35 ml по коктел, а максимално дозволеното е 50 ml по коктел.

Вкупното количество на течност мора да биде поголемо од 140 ml.

Пријавувањето (испраќање рецептури) започнува на 5 март во 10:00 часот и завршува на 25 март 2025 година во 23:59 часот.

Напомена**:** Валидни датуми за пријава се според Додатокот на Правилникот**.**

Ќе бидат разгледани само целосно пополнетите пријави пристигнати во овој рок.

Натпреварот се одвива во три фази:

1. **Фаза 1** – Пријавување и селекција
2. **Фаза 2** – Квалификации
3. **Фаза 3 –** Финале

### Фаза 1 – Пријавување и селекција

Во процесот на пријавување, потребно е да се испратат лични податоци (име и презиме, е-пошта, телефонски број) како и:

1. Градот за кој се пријавува натпреварувачот
2. Името на коктелот
3. Точната рецептура на коктелот и методот на подготовка
4. Точната рецептура на homemade cordial и начинот на подготовка

Пријавата во горенаведениот временски период може да се достави на следниве начини:

1. Електронски преку веб-страницата https://schweppesmixology.com/
2. Со испраќање на отпечатен, целосно пополнет и потпишан формулар преку е-пошта на schweppesmixology@gmail.com

Стручната комисија, која ќе ги разгледува пријавите и ќе ја врши селекцијата на кандидатите, се состои од следниве членови:

1. Марко Миладиновиќ, претседател на комисијата
2. Јурај Козма, член на комисијата
3. Владимир Симиќ, член на комисијата
4. Радуан Хиндави, член на комисијата

Сите комплетни пријави примени во горенаведениот временски рок ќе бидат разгледани од страна на стручната комисија. Кандидатите чии коктели ги исполнуваат условите на натпреварот и кои ќе ја поминат селекцијата од страна на стручното жири ќе бидат повикани на квалификациските натпревари.

На квалификацискиот натпревар во Скопје ќе бидат поканети максимум 12 кандидати.

**<u>Фаза 2 – Квалификации</u>**

За локацијата и за сите детали за одржувањето на квалификациските настани, успешните кандидати ќе бидат дополнително известени преку е-пошта во петок, 28 март 2025 година.

Квалификацискиот настан ќе се одржи според следниот распоред:

1. Скопје – вторник, 2 април 2025 година.

Во случај на промена на наведените датуми поради променети околности, успешните кандидати ќе бидат навремено известени за новиот датум преку е-пошта.

Стручното жири во текот на квалификациите е составено од Бармен/Локален бармен сопственик на бар или претставници на здружението на бармени

Во квалификациите, натпреварувачите добиваат поени за следните категории:

- Ракување со мраз (макс. 5 поени)
- Ракување со чаши (макс. 5 поени)
- Ракување со барски алатки (макс. 5 поени)
- Поставување и изработка на декорации (макс. 5 поени)
- Изглед на коктелот (макс. 10 поени)
- Баланс на коктелот (макс. 10 поени)
- Вкус и мирис на коктелот (макс. 30 поени)
- Сигурност во настапот (макс. 5 поени)
- Комуникација (макс. 5 поени)

**Максимален број на поени – 80**

Преку квалификациите, на финалниот натпревар поминува по еден натпреварувач (победник) од квалификациите во Скопје.

Во квалификациите се добива следната награда:

1. **Првопласираниот** натпреварувач во квалификациите во Скопје освојува тридневно патување во Атина на Athens Bar Show во ноември 2025 година.

## Фаза 3 – Финале

Финалниот натпревар ќе се одржи во Белград, на 14 и 15 мај 2025 година.

На финалниот натпревар ќе учествуваат вкупно 8 кандидати што ги поминале квалификациите на горенаведените локации од Република Северна Македонија и кандидати што ги поминале квалификациите во другите држави наведени во овие Правила, а тоа се Република Србија и Република Црна Гора:

1. Белград – 2 кандидати
2. Ниш – 1 кандидат
3. Златибор – 1 кандидат
4. Крагуевац – 1 кандидат
5. Нови Сад – 1 кандидат
6. Подгорица – 1 кандидат
7. Скопје – 1 кандидат

За локацијата и за сите детали за одржувањето на финалниот настан, натпреварувачите ќе бидат дополнително известени преку е-пошта. Трошоците за патување на финалниот настан ги покрива Организаторот.

Стручното жири на финалниот натпревар ќе го сочинуваат четворицата членови наведени подолу:

1. Марко Миладиновиќ
2. Јурај Козма
3. Владимир Симиќ
4. Радуан Хиндави

На првиот ден од финалето (14 мај), натпреварувачите ќе учествуваат на таен предизвик што ќе се одвива според следниве пропозиции:

- Соопштување и пробување на тајната состојка
- 5 минути размислување + читање/гледање на понудата на пијалаци и на другите достапни состојки
- 15 минути тестирање и составување коктел и предавање на рецептот на потпишан формулар
- Пробување на жирито и оценување

Забелешки:

- Минималното количество на базен алкохол е 35ml, а максималното 50ml
- Натпреварувачите ќе го сервираат коктелот во обоени чаши без декорации
- Темата на предизвикот е **баланс**, и тоа е единствената ставка што се оценува во предизвикот
- Максимален број поени на тајниот предизвик е **20**, и тоа максимум 5 поени од секој член на жирито (4x5=20)

На вториот ден од финалето (15 мај), натпреварувачите ќе го презентираат својот победнички коктел од квалификациите.

Оценувањето се одвива на ист начин како и во квалификациите, а тоа е:

- Ракување со мраз (макс. 5 поени)
- Ракување со чаши (макс. 5 поени)
- Ракување со барски алатки (макс. 5 поени)
- Поставување и изработка на декорации (макс. 5 поени)
- Изглед на коктелот (макс. 10 поени)
- Баланс на коктелот (макс. 10 поени)

- Вкус и мирис на коктелот (макс. 30 поени)
- Сигурност во настапот (макс. 5 поени)
- Комуникација (макс. 5 поени)

**Максимален број на поени – 80**

**Максимален вкупен број поени на финалето – предизвик + презентација на коктелот – 100**

Главната награда за победникот на финалниот натпревар е седумдневно патување на London Cocktail Week во октомври 2025 година, каде победникот го очекуваат:

1. Мастерклас обуки со најголемите имиња на светската барменска сцена
2. Приватни сесии со европските бренд-амбасадори на Schweppes
3. Вмрежување со глобални експерти и лидери во индустријата
4. Пристап до VIP барови во Лондон и ексклузивни настани
5. Инспирација и знаења клучни за кариера како врвен миксолог

## Упатства и барања

- Рецептурите за коктелите мора да бидат оригинални. Оригиналната рецептура е производ на нечии мисли и не е копија или имитација.
- Во самиот рецепт, Schweppes, кој е база на вашиот коктел, мора да биде наведен како прва состојка.
- Секој коктел мора да содржи homemade cordial.
- Минималното неопходно количество на базен алкохол е 35 ml по коктел, а максимално дозволеното е 50 ml по коктел.
- Вкупното количество на течност во коктелот мора да биде поголемо од 140 ml.
- Жестоките алкохолни пијалаци во коктелот мора да бидат од понудата на Coca-Cola HBC Србија, во согласност со листата наведена во продолжение на овој документ.
- Ако за некоја категорија алкохолни пијалаци/ликери не постои соодветен производ од понудата на Coca-Cola HBC, натпреварувачите може да користат алтернативи по сопствен избор.
- Рецептурите мора да бидат изразени во центилитри (cl). Изразување во капки е исто така дозволено.
- Рецептурата не смее да содржи повеќе од 6 состојки, вклучувајќи ги и декорациите ако се јадливи. (Ова исто така вклучува капки, спрејови како премаз или цитрусна кора).
- Пријавувањето е ограничено на една пријава по лице/е-пошта.

## Пропозиции на натпреварот

- На квалификациите и на финалниот натпревар се подготвуваат 3 исти коктела.
- Коктелот задолжително се подготвува според рецептурата што сте ја испратиле како пријава за натпреварот. Рецептурата не смее да биде изменета и во целост мора да биде идентична со рецептурата од пријавата.
- Максимално време за подготовка и презентација на коктелот е 6 минути и во квалификациите и во финалето.
- Надминување на времето не е дозволено, по истекувањето на 6 минути сите натпреварувачи мора да го предадат својот коктел.
- Сите натпреварувачи се озвучени и можат вербално да ја дополнат својата презентација и настап, што придонесува за позитивно оценување во категоријата јавен настап.
- Секој натпреварувач може да очекува прашања од жирито и модераторот.

Classified - Confidential

- Секој натпреварувач има 15 минути за подготовка пред својот настап, зад барот.
- Не е дозволена подготовка на декорации пред натпреварот, освен во текот на последните 15 минути пред самиот натпревар.

**Дополнителни барања за сите пријави**

— Пријавите не смеат да алудираат на прекумерна или неодговорна консумација на алкохолни пијалаци.
— Пријавите што не ги содржат сите барани информации или не се во согласност со сите барања, ќе се сметаат за неважечки и нема да бидат разгледувани во процесот на селекција.
— Пријавите што Спонзорот по сопствено убедување ќе ги смета за незаконски, навредливи или понижувачки за имиџот на Спонзорот ќе бидат дисквалификувани.

**Организаторот го обезбедува следното:**

1. Schweppes - сите вкусови од понудата на Пивара Скопје.
2. **Жестоки алкохолни пијалаци** од понудата на Coca-Cola HBC Србија д.о.о. - точната листа се наоѓа подолу во текстот.
3. Сет барска опрема: шејкер x 3, чаша за мешање x 3, барска лажица x 2, нож x 1, мадлер x 1, цедалка x 2, лажица за мраз 1, кибла за мраз x 2.
4. Полн мраз (ice cubes), штангли и коцки (clear ice) и кршен мраз (crushed ice).

**Жестоки алкохолни пијалаци:**

1. Zlatni Pelin
2. Zlatna Viljamovka
3. Zlatna Šljiva
4. Zlatna Kajsija
5. Zlatna Dunja
6. Woodford Reserve Rye
7. Woodford Reserve Doubled Oaked
8. Woodford Reserve
9. Vidarica
10. The Naked Grouse
11. The Famous Grouse
12. The Botanist Gin
13. Tequila Herradura Reposado
14. Tequila Herradura Blanco
15. Tequila Herradura Anejo
16. Tequila El Jimador Reposado
17. Tequila El Jimador Blanco
18. St. Germain
19. Single Barrel
20. Remy Martin VSOP
21. Pyrat XO
22. Pepe Lopez Silver
23. Pepe Lopez Gold
24. Patron Silver
25. Patron Reposado
26. Patron Anejo
27. Naked Malt
28. Metaxa 7*
29. Metaxa 5*

30. Metaxa 12*
31. Meduška
32. Martini Vermouth
33. Martini SPW - 75 CL
34. Martini Rosso
35. Martini Riserva Speciale Bitter Premium
36. Martini Fiero
37. Martini Extra-Dry
38. Martini Bitter
39. Martini Bianco
40. Martini Ambrato & Rubino
41. Jack Daniel's Triple Mash
42. Jack Daniel's Sinatra
43. Jack Daniel's Old No 7
44. Jack Daniel's Honey
45. Jack Daniel's Apple
46. Jack Daniel's 1983 Bonded
47. Jack Daniel's 150 Gold
48. Highland Park 10
49. Highland Park
50. Grey Goose
51. Gin Mare Capri
52. Gin Mare
53. Gentleman Jack
54. Finlandia Vodka Wildberry & Rose
55. Finlandia Vodka Redberry
56. Finlandia Vodka Platinum
57. Finlandia Vodka Mango
58. Finlandia Vodka Grapefruit
59. Finlandia Vodka Cucumber & Mint
60. Finlandia Vodka Cranberry
61. Finlandia Vodka Black Currant
62. Finlandia Vodka
63. Finlandia Redberry
64. Finlandia Lime
65. Eristoff
66. Cointreau
67. Chambord Blackberry Liquor Imperialë
68. Camino Real Tequila Gold
69. Camino Real Tequila Blanca
70. Brugal Especial Extra Dry
71. Brugal Blanco Supremo
72. Brugal Anejo
73. Brugal 1888
74. Bombay Sunset
75. Bombay Sapphire Premiere Cru
76. Bombay Sapphire Gin
77. Bombay Sapphire
78. Bombay Premier Cru
79. Bacardi Spiced
80. Bacardi Gran Reserva Diez
81. Bacardi carta range
82. Bacardi Carta Oro
83. Bacardi Carta Negra
84. Bacardi Carta Blanca
85. Bacardi Caribbean Spiced

Classified - Confidential

86. Bacardi Anejo Cuatro
87. Bacardi 8 Year Old
88. Baba Višnja
89. Baba Riba
90. Baba Mila

**Производи од кафе:**

1. Costa Coffee
2. Vergnano Coffee

**Вкусови на SCHWEPPES:**

1. Schweppes Tonic Water
2. Schweppes Bitter Lemon
3. Schweppes Tangerine
4. Schweppes Bitter Lemon Zero
5. Schweppes Tonic Water Zero

*Покрај пијалаците од портфолиото на Coca-Cola HBC, дозволено е и користење состојки и пијалаци направени во “домашна изработка” т.н. “homemade” состојки.

## Задолжителни барања за сите пријави

Со испраќање на пријавата гарантирате дека:
- Вие сте креатор на пријавата.
- Пријавата не ја повредува интелектуалната сопственост, приватноста или правата на јавна употреба или кое било друго морално или законско право на која било трета страна, вклучувајќи актуелен или поранешен работодавач, и дека не загрозува ничија личност, име или углед.
- Елементите на пријавата не биле претходно користени во кој било друг натпревар.
- Пријавата не била претходно објавена/публикувана во кој било облик и медиум.
- Вашата пријава не е во спротивност на кој било закон или уредба.

Спонзорот има право да процени дали некоја пријава потенцијално ги повредува правата на која било трета страна и ставот на Спонзорот ќе се смета за конечна одлука.

## Обврски на натпреварувачите

1. Сите натпреварувачи се обврзани да се појават во договореното време, а организаторот навремено ќе ги извести сите финалисти за учеството на финалниот натпревар преку е-пошта.
2. Секој натпреварувач е обврзан самостојно да води сметка за состојките донесени на натпреварот, за да ги има во состојбата во која му се потребни.
3. Организаторот не сноси никаква одговорност за состојките на натпреварувачите.
4. Секој натпреварувач настапува во своја бела кошула. Униформите мора да бидат небрендирани.
5. Секој натпреварувач има право да испрати само една пријава за натпреварот Schweppes Mixology Session 2025. Не е дозволено учество на повеќе од еден квалификациски натпревар.

## Право на објавување

Со учеството на натпреварот, давате целосна согласност дека Организаторот и Спонзорот ги имаат сите права да ги користат вашите фотографии, видео записи, фотографии и видео записи од вашиот коктел, како и името и рецептурата на вашиот коктел за јавни претставувања и за промотивни цели.

Правата на користење не се ограничени и вклучуваат, меѓу другото, употреба за: медиуми (печатени и електронски), онлајн медиуми, платформи и социјални мрежи, како и дигитални и промотивни активности.

Организаторот на натпреварот се обврзува дека сите податоци за натпреварувачите ќе ги обработува на законски, чесен и транспарентен начин, исклучиво за потребите на спроведувањето на натпреварот и во согласност со овие Правила.

**Со прифаќање на Правилата за учество, потврдувате дека се согласувате со сите горенаведени правила на Schweppes Mixology Session 2025.**

## Одрекување од одговорност

Организаторот, Продуцентот и Техничкиот изведувач не преземаат никаква одговорност за:

- Нефункционирање на веб-страницата како последица на пад на мрежата на договорените партнери или прекин на електричната енергија или други технички проблеми што привремено можат да го попречат користењето на интернет услугите;
- Какви било последици што би можело да ги претрпи жирито како резултат на судењето во текот на натпреварот на кои Организаторот или неговите продуценти немаат влијание;
- Неучество на натпреварувачите во кој било од трите круга на натпреварот поради неможност да воспостават контакт и да се приклучат на интернет, односно на веб-страницата на Schweppes Mixology Session 2025, https://schweppesmixology.com/ како и неможност да дојдат на локациите каде се одржуваат вториот и/или третиот круг на натпреварот;
- Каков било облик на евентуална штета и штетни последици кои може да настанат од користењето на наградите.

## Можност за измени на Правилата на натпреварот Schweppes Mixology Session 2025

Организаторот го задржува правото да направи одредени измени во Правилата на натпреварот "Schweppes Mixology Session 2025" поради технички, деловни или причини поврзани со јавноста, без да се нарушат стекнатите права на натпреварувачите.

Организаторот го задржува правото, во текот на пријавувањето, квалификациите и финалниот натпревар, да додаде дополнителни подароци и да дефинира посебен механизам за освојување и доделување, со дополнување на овие Правила.

Организаторот ќе ги информира натпреварувачите за евентуалните измени на натпреварот и причините, преку објава на веб-страницата https://www.coca-cola.com/rs/sr/brands/schweppes или преку адресата за е-пошта од која е испратена пријавата.

**Организатор:**

COCA-COLA HELENIC BOTTLING COMPANY-SRBIJA, INDUSTRIJA BEZALKOHOLNIH PIĆA DOO БЕЛГРАД (ЗЕМУН)
МБ: 07462905

**Продуценти и Технички изведувачи:**

ПРЕТПРИЈАТИЕ WAY TO GO DOO БЕЛГРАД (ЗЕМУН)

МБ: 20206608

KREATIVA UNLIMITED DOO БЕЛГРАД (НОВ БЕЛГРАД)

МБ: 20435917

Classified - Confidential